# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба



13 март 2020 | Излегува по потреба | Година XV | број 3



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 12.03.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1493/1**
**од 13.03.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19), член 36 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, со прилог Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и седмата седница одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, со Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, како нејзин составен дел.

2. Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година и општиот дел на Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, ќе се објават во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

3. Овој заклучок, Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година и Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, да се достават до Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1353/3**
**од 12.03.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

## 1. Вовед

### 1.1 Основни податоци за Општината

- **Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

- **Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 76.458 жители од кои според етничката припадност 73,5% се Македонци; 17,3% се Албанци; 2,9% се Срби; 2,9% се Роми; 0,8% се Турци; 0,3% се Власи и 1,3% се останати.

- **Просечна возраст**

Просечна возрастна населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

- **Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Црешево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

**Скопје - Општина Гази Баба**



– **Надлежности :**

- Во согласност со Статутот на општина Гази Баба, Советот на ОГБ ги има следните надлежности:

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Основа јавни служби во рамките на надлежноста на општината и врши надзор над нивната работа;
- Именува членови во УО на јавните служби, кои ги основа;
- Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала општината;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;
- Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на општината, во согласност со закон;
- Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Мин. за внатрешни работи во општината, во согласност со закон;
- Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на орштината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;
- Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот и
- Врши и други работи утврдени со закон.

- Надлежности на градоначалникот:

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на советот;
- Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на општината;
- Го извршува буџетот на општината;
- Избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;

- Редовно го известува советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;
- Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Раководи со општинската администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон.
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и статутот и
- Врши други работи утврдени со закон и со статутот.
- Градоначалникот може да овласти раководен службеник на општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти.

## 1.2 Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на ОГБза 2019 година

Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, Одлуката за извршување на Буџетот на Општината за 2019 година и Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, се донесени на осумнаесетата седница на Советот на општината, одржана на ден 24.12.2018 година, на која вкупните приходи и вкупните расходи за 2019 година се проектирани на износи од **901.444.000** денари.

Во текот на 2019 година, Советот на Општина Гази Баба донеседве Одлуки за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година,односно изготвени седва ребаланси на буџетот и тоа на дваесет и деветата седница на Советот на општината, одржана на ден 30.09.2019 година и на триесет и втората седница на Советот на општината, одржана на ден 15.11.2019 година.

Со донесениот прв ребаланс на Буџетот, вкупниот износ на планираните приходи и на планираните расходи беше зголемен за износи од**108.863.845** денари, при што вкупно планирани приходите и вкупно планираните расходи во Буџетот за 2019 година беа проектирани на ниво од вкупно **1.010.307.845** денари.

Со донесениот втор ребаланс на Буџетот, вкупниот износ на планираните приходи и на планираните расходи беше проектиран на исто ниво од вкупно1.010.307.845 денари, со направени внатрешни прераспределби во расходниот дел во одделни програми, ставки и подставки. Истиот не беше вчитан од страна на Министерството за финансии, без детално конкретно образложение на причините и наведување на конкретните законските основи за негово невчитување.

# 2. Завршна сметка за 2019 година

## 2.1 Остварување на приходите и извршувањето на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година

Во Годишниот извештај за остварување на приходите и извршувањето на расходите на буџетот на Општина Гази Баба, за 2019 година, е даден приказ на планираните и на реализираните приходи и расходи за 2019 година, на остварените приходи и расходи за 2018 година, како и индексите на остварувањето на приходите и расходите во однос на планираните со Буџетот за 2019 година и во однос на реализираните од минатата година.

Во Годишниот извештај за 2019 година прикажани се одделно, планираните и реализираните приходи и расходи на Основниот буџет, планираните и реализираните приходи и расходи на блок дотациите кои служат за финансирање на основните училишта и детските градинки на подрачјето на Општината, планираните и реализираните приходи и расходи на донациите остварени во текот на минатата година, планираните и реализираните приходи и расходи на заеми,како и планираните и реализираните приходи и расходи на средствата кои служат за самофинансирачките активности кај основните училишта и детските градинки.

Податоците за планираните и реализираните приходи и расходи за 2019 година и реализираните приходи и расходи 2018 година се дадени табеларно и графички по оделни видови на приходи и расходи, по програми и потпрограми и во аналитичка форма по ставки и потставки.

## I - <u>ПРИХОДИ</u>

Приходите во Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година бележат остварување во вкупен износ од **890.372.722денари** или**88,13%** воодноc на вкупните планирани приходи во Буџетот за 2019 година кои изнесуваат вкупно **1.010.307.845 денари**. Планираните приходи во Буџетот за 2019 година, остварените приходи за 2019година и реализираните приходи за 2018 година, групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Ставка | Програма / Ставка | 2019 година | IV - Кватрал 2018 година | IV - Кватрал 2019 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 209.680.000 | 228.962.352 | 381.033.929 | 181,72% | 166,42% |
| | 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 5.619.000 | 11.947.476 | 4.974.899 | 88,54% | 41,64% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 49.450.000 | 28.408.678 | 29.370.757 | 59,39% | 103,39% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 215.408.845 | 46.389.227 | 40.773.914 | 18,93% | 87,90% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 480.157.845 | 315.707.733 | 456.153.499 | 95,00% | 144,49% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 436.550.000 | 374.648.996 | 402.673.725 | 92,24% | 107,48% |
| 3 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 13.540.000 | 5.399.402 | 2.619.226 | 19,34% | 48,51% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 55.060.000 | 29.349.882 | 28.926.272 | 52,54% | 98,56% |
| 5 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 25.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 1.010.307.845 | 725.106.013 | 890.372.722 | 88,13% | 122,79% |

Извор: Општина Гази Баба

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **456.153.499**денари или **95,00%** во однос на планираните приходи од **480.157.845** денари во Буџетот за 2019 година.

**Приходите од блок дотациите** за основните училишта и детските градинки на територија на општината добиени како блок дотации на посебната наменска сметка од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика во 2019 година се остварени во износ од **402.673.725**денари или **92,24%** во однос на планираните кои изнесуваат **436.550.000** денари.

Кај **Приходите од донации**во 2019 година се бележи остварување од вкупно **2.619.226**денари односно **19,34%** во однос на планираните приходи кои изнесуваат **13.540.000** денари.

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки во 2019 година се остварени во износ од **28.926.272**денари или **52,54%** во однос на планираните **55.060.000** денари и

Кај **Приходите по основ на кредити**,во 2019 година немарелизирано остварување.

Споредено со истиот период од 2018 година, вкупните приходи бележат зголемувањеза 22,79%. Тоа се должи пред се на повисоко остварените приходи во Основниот буџет за 44,49%, особено во делот на даночните приходи кои се зголемени во однос на предходната година за 66,42%, како и кај капиталните приходи кои се зголемени за 3,39%.Повисоки остварувања во однос на 2018 година има и во делот на реализираните приходи од блок дотации каде се бележи зголемување на реализираните приходи од 7,48% во однос на предходната фискална година.

Пониско остварувањена приходитево однос на предходната година бележиме во делот на приходи од донации за 51,49%, кај реализираните приходи од самофинансирачките активности на основните училишта и детските градинки бележиме намалување за 1,44%, додека кајприходи од кредити каде во 2019 година се планирани приливи по основ на кредитно задолжување во износ од 25.000.000 денари, не бележиме реализација.

КајПриходите на Основниот буџет во однос на планираните со буџетот за 2019 година бележиме:

- даночните приходи се остварени со индекс од 181,72%,
- неданочните приходи се остварени со индекс од 88,54%,
- капиталните приходи се остварени со индекс од 59,39% и
- приходите од трансфери и дотации се остварени со индекс од 18,93%.

Графичкиот приказ на остварените приходи на општината за 2019 година како и на нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2019 година класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното:




Извор: Општина Гази Баба




Извор: Општина Гази Баба

5

Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-декември 2019 година, по ставки и подставки и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2019 година и со остварените приходи за истиот период во 2018 година е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Ставка | Програма / Ставка | 2019 година | IV - Кватрал 2018 година | IV - Кватрал 2019 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **1.010.307.845** | **725.106.013** | **890.372.722** | **88,13%** | **122,79%** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **480.157.845** | **315.707.733** | **456.153.499** | **95,00%** | **144,49%** |
| | **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **209.680.000** | **228.962.352** | **381.033.929** | **181,72%** | **166,42%** |
| 1 | **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **17.360.000** | **16.721.052** | **18.646.454** | **107,41%** | **111,51%** |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лива корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 4.000.000 | 3.554.116 | 3.770.138 | 94,25% | 106,08% |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 12.000.000 | 11.927.253 | 13.423.027 | 111,86% | 112,54% |
| | 711114 | Данок на плати остварени во странство | 150.000 | 159.139 | 245.221 | 163,48% | 154,09% |
| | 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 1.000.000 | 609.379 | 695.344 | 69,53% | 114,11% |
| | 711139 | ДДанок на доход на приходи ид занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 200.000 | 470.819 | 512.724 | 256,36% | 108,90% |
| | 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 10.000 | 346 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 2 | **713** | **Даноци на имот** | **85.200.000** | **101.865.611** | **84.227.853** | **98,86%** | **82,69%** |
| | 713111 | Данок на имот | 18.500.000 | 19.167.083 | 20.422.877 | 110,39% | 106,55% |
| | 713112 | Повисока стапка на данок на имот | 12.500.000 | 15.114.050 | 16.605.537 | 132,84% | 109,87% |
| | 713113 | Данок на имот од правни лица | 18.500.000 | 19.672.924 | 18.598.607 | 100,53% | 94,54% |
| | 713211 | Данок на наследство и подарок | 3.000.000 | 2.449.485 | 3.351.117 | 111,70% | 136,81% |
| | 713311 | Данок на промет на недвижности | 21.000.000 | 29.429.371 | 16.264.639 | 77,45% | 55,27% |
| | 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 10.500.000 | 14.733.337 | 8.051.577 | 76,68% | 54,65% |
| | 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данок на имот | 1.200.000 | 1.299.361 | 933.499 | 77,79% | 71,84% |
| 3 | **717** | **Даноци на специфични услуги** | **106.820.000** | **110.230.040** | **278.045.719** | **260,29%** | **252,24%** |
| | 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 14.000.000 | 10.101.640 | 8.825.317 | 63,04% | 87,37% |
| | 717115 | Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистарција на возилата | 4.000.000 | 3.252.606 | 3.712.308 | 92,81% | 114,13% |
| | 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување | 22.500.000 | 36.153.063 | 35.429.718 | 157,47% | 98,00% |
| | 717129 | Други комунални такси (витрини, музика и сл.) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деовни простории за вршење на дејност | 100.000 | 104.073 | 307.008 | 307,01% | 294,99% |
| | 717132 | Комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717137 | Надомест за уредување на градежно земјиште | 66.220.000 | 60.618.658 | 229.771.368 | 346,98% | 379,04% |
| | 717140 | Камата за ненавремено плаќање | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 4 | **718** | **Такси за користење или дозволи за вршење на дејност** | **300.000** | **145.649** | **113.903** | **37,97%** | **78,20%** |
| | 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно Град Скопје | 250.000 | 95.326 | 73.865 | 29,55% | 77,49% |
| | 718147 | Надомест за вадење песок | 50.000 | 50.323 | 40.038 | 80,08% | 79,56% |
| | **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **5.619.000** | **11.947.476** | **4.974.899** | **88,54%** | **41,64%** |
| 5 | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **2.100.000** | **5.390.962** | **2.241.212** | **106,72%** | **41,57%** |
| | 722129 | други парични казни | 100.000 | 3.463.087 | 868.207 | 868,21% | 25,07% |
| | 722315 | Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата | 2.000.000 | 1.927.875 | 1.373.005 | 68,65% | 71,22% |
| | 722316 | Други локални такси | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 6 | **723** | **Такси и надоместоци** | **19.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 723914 | Приходи од закупнина на општествен имот | 19.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 7 | **724** | **Други владини услуги** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 724125 | Приходи од тендери (јавни набавки) | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |

6

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | **725** | **Други неданочни приходи** | **3.500.000** | **6.556.514** | **2.733.687** | **78,11%** | **41,69%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 3.500.000 | 6.556.514 | 2.733.687 | 78,11% | 41,69% |
| | **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **49.450.000** | **28.408.678** | **29.370.757** | **59,39%** | **103,39%** |
| 9 | **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **49.450.000** | **28.408.678** | **29.370.757** | **59,39%** | **103,39%** |
| | 733111 | Приходи од продажба на недвижности на Р.М. | 60.000 | 18.308 | 18.334 | 30,56% | 100,14% |
| | 733115 | Приходи од закуп на земјодел. Земјиште во сопственост на државата | 450.000 | 621.823 | 647.576 | 143,91% | 104,14% |
| | 733119 | Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор) | 200.000 | 18.413 | 5.772 | 2,89% | 31,35% |
| | 733120 | Надомест за концесии за експоатација на минерални суровини по основа на експлоатиранаминерална суровина | 1.500.000 | 837.279 | 305.085 | 20,34% | 36,44% |
| | 733131 | Приходи од надомест за закупнина | 1.900.000 | 833.640 | 833.640 | 43,88% | 100,00% |
| | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | 35.000.000 | 16.820.148 | 12.580.621 | 35,94% | 74,79% |
| | 733144 | Надоместок за утврдување на статус на бесправно изградени објекти | 10.340.000 | 9.259.067 | 14.979.729 | 144,87% | 161,78% |
| | **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **215.408.845** | **46.389.227** | **40.773.914** | **18,93%** | **87,90%** |
| 10 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **215.408.845** | **46.389.227** | **40.773.914** | **18,93%** | **87,90%** |
| | 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 1.000.000 | 205.607 | 700.000 | 70,00% | 340,46% |
| | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 5.800.000 | 5.783.460 | 5.783.460 | 99,71% | 100,00% |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 92.262.234 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 741115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 27.699.000 | 25.979.290 | 26.748.666 | 96,57% | 102,96% |
| | 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 88.647.611 | 14.420.870 | 7.541.788 | 8,51% | 52,30% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **436.550.000** | **374.648.996** | **402.673.725** | **92,24%** | **107,48%** |
| 11 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 725939 | Други неданочни приходи | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 12 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **436.550.000** | **374.648.996** | **402.673.725** | **92,24%** | **107,48%** |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активност од образованието | 307.660.000 | 293.681.000 | 307.660.000 | 100,00% | 104,76% |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активност од социјална заштита | 90.940.000 | 80.967.996 | 91.649.997 | 100,78% | 113,19% |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 37.950.000 | 0 | 3.363.728 | 8,86% | 0,00% |
| | | **ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **13.540.000** | **5.399.402** | **2.619.226** | **19,34%** | **48,51%** |
| 13 | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **2.003.907** | **2.437.113** | **0,00%** | **121,62%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 2.003.907 | 2.396.883 | 0,00% | 119,61% |
| | 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 0 | 40.230 | 0,00% | 0,00% |
| 14 | **742** | **Донации од странство** | **5.070.000** | **3.395.495** | **182.113** | **3,59%** | **5,36%** |
| | 742114 | Приходи од Европска унија | 4.070.000 | 2.199.376 | 144.598 | 3,55% | 6,57% |
| | 742115 | Приходи од европските држави | 600.000 | 205.084 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 742119 | Други општи и тековни донации | 400.000 | 991.035 | 37.515 | 9,38% | 3,79% |
| 15 | **743** | **Капитални донации** | **4.250.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 743211 | капитални донации | 4.250.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 16 | **744** | **Тековни донации** | **4.220.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 744111 | Донации од приватни компании | 2.600.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 744311 | други тековни донации | 1.620.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | **55.060.000** | **29.349.882** | **28.926.272** | **52,54%** | **98,56%** |
| 17 | **721** | **Приходи од имот** | **10.000** | **7.375** | **6.397** | **63,97%** | **86,74%** |
| | 721111 | Вишок на оперативна готовина од дополнителни активности на единките | 0 | 4.395 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 721311 | Камата од депозити од комерцијални банки | 10.000 | 2.980 | 6.397 | 63,97% | 214,66% |
| 18 | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **50.000** | **26.874** | **58.013** | **116,03%** | **215,87%** |
| | 722111 | Глоби од сообраќајни прекршоци | 50.000 | 26.874 | 51.578 | 103,16% | 191,93% |
| | 722313 | Административни такси во готови пари | 0 | 0 | 6.435 | 0,00% | 0,00% |
| 19 | **723** | **Такси и надоместоци** | **54.780.000** | **29.160.081** | **28.804.856** | **52,58%** | **98,78%** |
| | 723011 | Такси за диплома и сертификат | 10.000 | 1.490 | 10.360 | 103,60% | 695,30% |
| | 723019 | Други образовни такси | 0 | 0 | 12.500 | 0,00% | 0,00% |
| | 723111 | Целодневна и претшколска грижа | 35.000.000 | 24.183.980 | 24.184.257 | 69,10% | 100,00% |
| | 723112 | Средства за екскурзии | 0 | 1.490 | 10.397 | 0,00% | 697,79% |
| | 723114 | Станарини во ученички и студентски домови | 0 | 1.448 | 9.433 | 0,00% | 651,45% |
| | 723116 | Надомест од оброци во училишта, градинки и други институции | 14.060.000 | 4.750 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 723119 | Други помошни активности во образование | 700.000 | 400.320 | 430.964 | 61,57% | 107,65% |
| | 723211 | Регистарски таблички за превозни седства | 0 | 0 | 5.054 | 0,00% | 0,00% |
| | 723220 | Приходи од продажба на други производи | 0 | 0 | 15.100 | 0,00% | 0,00% |
| | 723311 | Приходи остварени од надомест за слетување - лендинг | 10.000 | 2.896 | 4.147 | 41,47% | 143,20% |
| | 723711 | Издавање на хотелски соби | 0 | 0 | 1.402 | 0,00% | 0,00% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 7223811 | Приходи од амбулантски здравствени услуги | 0 | 0 | 3.000 | 0,00% | 0,00% |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 5.000.000 | 4.563.707 | 4.118.242 | 82,36% | 90,24% |
| 20 | **724** | **Други владини услуги** | **0** | **0** | **3.149** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 724111 | Приходи од земјоделски услуги | 0 | 0 | 3.149 | 0,00% | 0,00% |
| 21 | **725** | **Други неданочни приходи** | **220.000** | **155.552** | **53.857** | **24,48%** | **34,62%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 220.000 | 155.552 | 53.857 | **24,48%** | 34,62% |
| | | **ВКУПНО ПРИЛИВ ОД КРЕДИТИ** | **25.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 22 | **754** | **Друго домашно задолжување** | **25.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 754111 | Друго домашно задолжување | 25.000.000 | 0 | 0 | **0,00%** | 0,00% |

Од прикажаните податоци во табелата може да се види дека,**вкупните приходи наОсновниот буџет на Општината за 2019 година, се остварени во износ од 456.153.499**денари или со индекс од **95,00%** во однос на планираните со Буџетот за 2019 година,што претставува пониско остварување за **5,00%** во однос на планот, ново однос на истиот период во 2018 годинае со повисокоостварување за **44,49%**.

*Реализацијата на поеделните видови на приходи во 2019 година во однос на планираните со Буџетот за 2019 годинае следно:*

- Приходите од **данокот на доход**, **од добивка и од капитални добивки**, во 2019 година, се рализирани во износ од **18.646.454** денари, или **107,41%** во однос на планираните за 2019 година, кои изнесуваат 17.360.000 денари. Споредбено со 2018 година, бележиме поголема релизација на овој вид на приходи за 11,51%.
- Кај **даноците на имот,** во 2019 година, имаме остварување во износ од **84.227.853**денари, со индекс од **98,86%**, во однос на планираните приходи во Буџетот за 2019 година, кои по овој основ се планирани во износ од 85.200.000 денари. Ова е резултат на повисокото остварување споредбено со планираното кај данокот на имот на физички лица за 10,39%, кај данокот на имот на правни лица за 0,53%, кајповисоката стапка на данокот на имот за 32,84% и кај данокот на наследство и подарокза 11,70%.

- Кај приходите од **данокот на специфични услуги**,приходите се остварени во износ од **278.045.719** денари, во однос на планираните 106.820.000 денари, со индекс од **260,29%**, а истите се зголемени во однос на 2018 година за 152,24%.

Како позначајни приходите од данокот на специфични услуги би ги истакнале:

- Приходите од *комунални такси за истакнување на фирмарина и реклами* со индекс од **63,04%** или **8.825.317** денари во однос на планираните 14.000.000 денари за 2019 година.
- Приходите од *комуналната такса за улично осветлување* се со индекс од **157,47%** или **35.429.718** денари во однос на планираните 22.500.000 денари за 2019 година.
- *Надоместокот за уредување на градежно земјиште*, бележи остварување во износ од **229.771.368** денари, или **346,98%**, во однос на планираните приходи во Буџетот за 2019 година, кои по овој основ се планирани 66.220.000 денари.

- Приходи од **Такси за користење или на дозвола за вршење на дејност**, се остварени во износ од **113.903** денари, во однос на планираните 300.000 денари, со индекс од **37,97%**.

- **Приходите одглоби, судски и административни такси** се остварени во износ од **2.241.212**денари со индекс од **106,72%** во однос на планираните 2.100.000 денари, и се за 114,07% повисоки во однос на предходната година.
- Кај **Приходите одтаксии надоместоци**не бележиме реализација.
- Кај **Приходи од други владини услуги**не бележиме реализација.
- **Другинеданочни приходи**, бележатостварување во износ од **2.733.687** денари односно со индекс од **78,11%** во однос на планираните 3.500.000 денари.
- **Капиталните приходи**, се остварени во износ од **29.370.757** денарии со индекс од **59,39%** во однос на планираните 49.450.000 денари,што се за 3,39% повисоко остварени во однос на предходната година.
  - Кај приходите од надоместокотот за утврдување на статусот на бесправно изградените објекти бележиме приход во износ од **14.979.729** денари односно **144,87%** во однос на планот, што се за 61,78% повисоко остварени во однос на предходната година.
  - Приходите од *продажба на државното неизградено земјиште,* во рамките на општинатабележат остварување во износ од **12.580.621** денари што претставува **35,94%** во однос на планот кој изнесува35.000.000 денари, што се за 25,21% пониско остварени во однос на предходната година.
- За 2019 година во делот на **трансфери од други нивоа на власт**, остварени се приходи во износ од **40.773.914**денари или **18,93%**во однос на планираните 215.408.845 денари,а како побитни ставки би ги издвоиле:
  - **Трансферите од буџетите на фондовите** се реализирани во износ од **5.783.460** денари, односно **99,71%** во однос на планот кој изнесува 5.800.00,00 денари**.** Станува збор за трансфер од страна на Јавното претпријатие за државни патишта на Р.Македонија наменети за зимско одржување на локалните патишта и за крпење на ударни дупки.
  - **Приходите од ДДВ** се остварени во вкупен износ од **26.748.666** денари како резултат на редовното месечно префрлање од Министерството за финсии, при што е остварен индекс од **96,57%** во однос на планот кој изнесува 27.699.000 денари.
  - Кај **капиталните трансфери од други нивоа на власт**се остварени приходи во вкупен износ од **7.541.788** денари, односно **8,51%** во однос на планот кој изнесува 88.647.611 денари.Станува збор за капитални трансфериуплатени од странана Град Скопје, кои се наменети за заедничките проекти со градот за изградба и реконструкција на улици и патишта на подрачјето на општината, во согласност со склучените договори.

**Приходите од наменските блок дотации** во овој период наменети за финансирање на единаесетте основни училишта и двете детските градинки кои функционираат на подрачјето на општината беа трансферирани на наменската сметка на општината во вкупен износ од**402.673.725**денари.Истите бележат остварување од **92,24%** во однос на планот кој изнесува 436.550.000 денари.

Кај **Приходите од донации** за 2019 година бележиме остварување од **2.619.226**денари односно **19,34%** во однос на планот.

Во делот на **приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа остварени во износ од **28.926.272**денари или **52,54%** во однос на планираните55.060.000 денари.

Кај **Приходите по основ на примени кредити**од домашно задолжување, кој требаше да се ефектуира во соработка со Светската банка чија реализација треба да се оствари преку подзаем од Министерство за финансии,во 2019 година нема реализација, а истите во буџетот беа планирани согласно развојната програма ЈИЦ - Изградба на системи за отпадни води за Н.М. Јурумлериво износ од 25.000.000,00 денари.




Извор: Општина Гази Баба

## II- РАСХОДИ

Во Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, реализирани се вкупни расходи во износ од **823.372.935** денари или **81,50%** во однос на вкупно планираните расходи за 2019 година кои изнесуваат **1.010.307.845** денари.Споредено со 2018 година*расходите бележат намалување за 18,34%.*

Планираните расходи во Буџетот за 2019 година, извршените расходи за 2019 година и извршените расходи за 2018 година кои се класифицирани по оделни програми и подпрограми во Буџетот на Општина Гази Баба може да се видат од следната табела:

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Програма | Програма / Ставка | 2019 година | IV - Кватрал 2018 година | IV - Кватрал 2019 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | А0 | Совет на општината | 8.189.000 | 6.713.426 | 7.301.175 | 89,16% | 108,75% |
| 2 | А1 | Изборни активности и референдуми | 0 | 991.335 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 3 | А3 | Подмирување на доспеани а неплатени обврски | 71.576.000 | 0 | 66.400.880 | 92,77% | 0,00% |
| 4 | Д0 | Градоначалник | 4.440.000 | 4.013.606 | 3.520.778 | 79,30% | 87,72% |
| 5 | Е0 | Општинска администрација | 109.129.000 | 88.538.706 | 96.594.825 | 88,51% | 109,10% |
| 6 | ЕА | Капитални трошоци на општината | 4.200.000 | 1.978.458 | 1.375.193 | 32,74% | 69,51% |
| 7 | Ф1 | Урбанистичко планирање | 8.850.000 | 2.919.414 | 7.728.613 | 87,33% | 264,73% |
| 8 | Ф2 | Уредување на градежно земјиште | 5.250.000 | 562.970 | 5.044.366 | 96,08% | 896,03% |
| 9 | ФА | Уредување на градежно земјиште (капит. трошоци) | 118.053.845 | 116.790.017 | 102.621.547 | 86,93% | 87,87% |
| 10 | Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 9.400.000 | 1.114.142 | 1.733.396 | 18,44% | 155,58% |
| 11 | ГДЕ | Поддршка на локалниот економски развој | 1.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 12 | Ј3 | Јавно осветлување | 33.500.000 | 27.677.538 | 27.847.814 | 83,13% | 100,62% |
| 13 | Ј4 | Јавна чистота | 15.860.000 | 8.870.295 | 15.860.000 | 100,00% | 178,80% |
| 14 | Ј6 | Одржување на лок.патишта, улици и регул. на сообраќај | 2.000.000 | 11.497.379 | 1.891.814 | 94,59% | 16,45% |
| 15 | Ј7 | Одржување и користење на зеленило | 300.000 | 0 | 41.300 | 13,77% | 0,00% |
| 16 | Ј8 | Други комунални услуги | 21.700.000 | 19.169.372 | 14.493.416 | 66,79% | 75,61% |
| 17 | ЈА | Изградба на јавно осветлување | 4.000.000 | 1.024.157 | 1.349.239 | 33,73% | 131,74% |
| 18 | ЈД | Изградба и реконструкција на локални улици и патишта | 5.800.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 19 | ЈИ | Изградба на системи за отпадни води | 22.000.000 | 5.106.152 | 12.758.345 | 57,99% | 249,86% |
| 20 | ЈН | Урбана опрема | 300.000 | 1.009.641 | 274.149 | 91,38% | 27,15% |
| 21 | К4 | Културни манифестации и творештво | 5.900.000 | 3.261.496 | 4.451.976 | 75,46% | 136,50% |
| 22 | Л0 | Спорт и рекреација | 4.780.000 | 3.700.764 | 3.694.100 | 77,28% | 99,82% |
| 23 | ЛА | Спорт и рекреација (капитални трошоци) | 1.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 24 | ВА | Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци) | 15.000.000 | 0 | 13.064.994 | 87,10% | 0,00% |
| 25 | Р1 | Заштита на животната средина и природата | 3.200.000 | 1.125.089 | 540.000 | 16,88% | 48,00% |
| 26 | Љ0 | Противпожарна заштита | 500.000 | 214.000 | 224.838 | 44,97% | 105,06% |
| 27 | В1 | Детски градинки | 3.920.000 | 6.253.860 | 3.647.511 | 93,05% | 58,32% |
| 28 | Џ1 | Родова еднаквост | 310.000 | 0 | 160.000 | 51,61% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **480.157.845** | **312.531.817** | **392.620.269** | **81,77%** | **125,63%** |
| 29 | Н1 | Основно образование | 327.220.000 | 282.150.113 | 313.164.562 | 95,70% | 110,99% |
| 30 | В1 | Детски градинки | 109.330.000 | 67.823.550 | 89.509.163 | 81,87% | 131,97% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **436.550.000** | **349.973.663** | **402.673.725** | **92,24%** | **115,06%** |
| 31 | ВА | Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци) | 70.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 32 | Н1 | Основни училишта | 4.460.000 | 1.727.497 | 1.876.298 | 42,07% | 108,61% |
| 33 | В1 | Детски градинки | 1.810.000 | 1.230.444 | 443.208 | 24,49% | 36,02% |
| 34 | Е0 | Општинска администрација | 600.000 | 1.628.241 | 299.720 | 49,95% | 18,41% |
| 35 | ФД | Уредување на простор во рурални подррачја | 2.400.000 | 813.220 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 36 | Г1 | Поддршка на локалниот економски развој | 1.650.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 37 | Ј7 | Одржување и користење на зеленило | 350.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| 38 | ФА0 | Градежно земјиште | 2.200.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **13.540.000** | **5.399.402** | **2.619.226** | **19,34%** | **48,51%** |
| 39 | **Н1** | **Расходи на самофинанс. активности - осн. образование** | 10.611.500 | 4.013.772 | 3.719.449 | 35,05% | 92,67% |
| 40 | **НА** | **Основно образование (капитални трошоци)** | 3.288.500 | 1.696.763 | 394.852 | 12,01% | 23,27% |
| 41 | **В1** | **Расходи на самофинанс активности - соц. заштита** | 38.260.000 | 20.967.706 | 20.561.082 | 53,74% | 98,06% |
| 42 | **ВА** | **Социјална заштита и заштита на деца (капитални трошоци)** | 2.900.000 | 1.199.531 | 784.332 | 27,05% | 65,39% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | **55.060.000** | **27.877.772** | **25.459.715** | **46,24%** | **91,33%** |
| 43 | **ЈИ** | **Изградба на системи за отпадни води** | 25.000.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД КРЕДИТ** | **25.000.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | | **ВКУПНО БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **1.010.307.845** | **695.782.654** | **823.372.935** | **81,50%** | **118,34%** |

Извор: Општина Гази Баба

Вкупните расходи на **Основниот Буџет** на Општина Гази Баба, за 2019 година изнесуваат **392.620.269**, денари или **81,77%**, во однос на планираните 480.157.845 денари.

Ваквото извршување на расходите кај **Основниот Буџет на Општината**, е повисоко за 25,63%, во однос на предходната фискална година година.

На ваквото извршување на расходите на основниот буџет, влијание има пониското трошење на средства кај речиси сите програми, со исклучок на Програмата Ј4 - Јавна чистота која е со реализација од 100%, додека кај следниве подпрограми воопшто нема реализација:

- Подпрограмата А1 - Изборни активности и референдуми;
- Подпрограмата ГДЕ-Поддршка на локалниот економски развој (капитални расходи);
- Подпрограмата ЈД-Изградба и реконструкција на локални улици и патишта и
- Подпрограмата ЛА- Спорт и рекреација (капитални расходи).

Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** за 2019 година, може да се констатира дека основните училишта и детските градинки реализираа расходи во вкупен износ од **402.673.725** денари, односно **92,24%** од планираните трошења на средства, што придонесе за извршување на планираните активности кај овие корисници. При тоа во основните училишта се реализирани расходи, во вкупен износ од **313.164.562 денари**, односно **95,70%** од планираните расходи, а кај детските градинки се реализирани расходи во вкупен износ од **89.509.163 денари**, односно со индекс од **81,87%**.

**Расходите од донации** во 2019 година се реализирани во вкупен износ од **2.619.226** денари, односно **19,34%**, од планираните 13.540.000 денари.

Во делот на расходите од **самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа реализирани во износ од **25.459.715** денари или **46,24%** во однос на планираните 55.060.000 денари.

Во делот на **расходите од кредити** кои се наменети за изградба на системи за отпадни води во Н.М. Јурумлери и за чија реализација во 2019 година беа планирани да се искористат средствата од подзаемот од Министерството за финансии финансиран од кредитот од Светска банка во вкупен износ од 25.000.000,00 денари за 2019 годинаво оваа година немаше реализација.

Графичкиот приказ на извршените расходи на Општината за 2019 година, на нивната споредба со планираните расходи во Буџетот за 2019 година, групирани по одделни видови на расходи и по програми може да се види од следните графикони и тоа:




Извор: Општина Гази Баба

13




Извор: Општина Гази Баба

Оделните видови на извршените и на планираните расходи аналитички по оделни програми и подпрограми и по одделни ставки и подставки се дадени во следниот табеларен преглед:

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | БУЏЕТ | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2019 година | IV - Кватрал 2018 година | IV - Кватрал 2019 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА О. ГАЗИ БАБА** | **1.010.307.845** | **695.782.654** | **823.372.935** | **81,50%** | **118,34%** |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **480.157.845** | **312.531.817** | **392.620.269** | **81,77%** | **125,63%** |
| | **А** | **Совет на општината** | **79.765.000** | **7.704.761** | **73.702.055** | **92,40%** | **956,58%** |
| | **А0** | **Совет на општината** | **8.189.000** | **6.713.426** | **7.301.175** | **89,16%** | **108,75%** |
| 1 | **401** | **Основни плати** | **700.000** | **597.481** | **634.634** | **90,66%** | **106,22%** |
| | 401320 | Персонален данок | 700.000 | 597.481 | 634.634 | **90,66%** | **106,22%** |
| 2 | **404** | **Надоместоци** | **5.800.000** | **5.377.740** | **5.711.827** | **98,48%** | **106,21%** |
| | 404150 | Други надоместоци | 5.800.000 | 5.377.740 | 5.711.827 | **98,48%** | **106,21%** |
| 3 | **412** | **Постојана резерва (непредвидливи расходи)** | **400.000** | **0** | **72.000** | **18,00%** | **0,00%** |
| | 412110 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 400.000 | 0 | 72.000 | **18,00%** | **0,00%** |
| 4 | **413** | **Тековни резерви (разновидни расходи)** | **800.000** | **652.800** | **768.000** | **96,00%** | **117,65%** |
| | 413110 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 800.000 | 652.800 | 768.000 | **96,00%** | **117,65%** |
| 5 | **420** | **Патни и дневни расходи** | **189.000** | **20.765** | **61.840** | **32,72%** | **297,81%** |
| | 420210 | Патување во странство - хранарина (дневници) | 100.000 | 20.765 | 55.660 | **55,66%** | **268,05%** |
| | 420220 | Патување во странство - патни расходи | 40.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 420230 | Патување во странство - сместување | 49.000 | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** |
| | 420240 | Патување во странство | 0 | 0 | 6180 | **0,00%** | **0,00%** |
| 6 | **426** | **Други тековни расходи** | **300.000** | **64.640** | **52.874** | **17,62%** | **81,80%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
Од предвидените средства за **тековнатарезерва**од Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 годинаво износ од 800.000,00 денари се искористените средства во вкупен износ од 768.000,00 денари за плаќање на привремен престој за сместување на семејствата кои имаат опожарени домови.

Според тоа може да се констатира дека во 2019 година, извршено е наменско користењето на средствата од постојаните и тековни резерви.

## V. Извештај на одговорниот сметководител

Сметководствената евиденција во Општина Гази Баба се води согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди.

Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови на приходи и други видови на приливи, за расходите и другите одливипо програми и подпрограми и на ниво на ставки и подставки, како и за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата евидентирани во финансиското сметководство и во поединечната материјална евиденција.

Врз основа на веродостојна и целосна документација согласно процедурите и правилниците пропишани со ISO 9001-2015 CERTIFED се врши евидентирањето на финансиската документација која се одобрува од страна на одговорниот сметководител со потпис.

Податоците во финансиските извештаи на Општина Гази Баба за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, подсметки и по видови на приходи.

Согласно законот за внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедуриза движење на документите, нивна контрола и одобрување за евидентирање во сметководството од страна на одговорниот сметководител на Општина Гази Баба согласно извршеното сертифицирање со стандардите ISO 9001-2015 CERTIFED.

Доспеаните обврски се плаќаатпо одобрување од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба, врз основа на претходно изготвен извештај за доспеани обврски за плаќање од страна на Секторот за финансиски прашања.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.03.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1493/2**
**од 13.03.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоупава(Службен весник на РМ бр. 5/2002 год.) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018 и Службен весник на РСМ бр. 244/2019год.), Советот на општината ГАЗИ БАБА на **ТРИЕСЕТ И СЕДМАТА** седницата, одржана на **12.03 .2020** година, донесе:

## ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

## НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА

**1. Општ дел**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на **Општина Гази Баба** за **2019** година се состои од :

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО |
|---|---|---|
| **I. ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **855.095.611** | **884.571.881** |
| Данночни приходи | 209.680.000 | 381.033.929 |
| Неданочни приходи | 60.679.000 | 33.901.171 |
| Капитални приходи | 49.450.000 | 29.370.757 |
| Приходи од дотации | 398.600.000 | 399.309.997 |
| Приходи од трансфери | 123.146.611 | 40.773.914 |
| Приходи од донации | 13.540.000 | 182.113 |
| **II. ВКУПНИ РАСХОДИ** | **996.307.845** | **809.617.097** |
| Од утврдени намени | 995.107.845 | 808.777.097 |
| Расходи од резерви | 1.200.000 | 840.000 |
| **III. ДЕФИЦИТ** | **-141.212.234** | **74.954.784** |
| **IV. ФИНАНСИРАЊЕ** | **141.212.234** | **-74.954.784** |
| **Прилив** | **155.212.234** | -61.198.946 |
| Домашно задолжување | 25.000.000 | 0 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| Депозити | 130.212.234 | -61.198.946 |
| **Одлив** | **14.000.000** | 13.755.838 |
| Отплата на главницата | 14.000.000 | 13.755.838 |

**Член 2**

Планираните приходи и приливи по извори и видови, и расходи и одливи по основни намени, се искажуваат во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општината како што следи:

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ ПО ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Потставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | | 480.157.845 | 456.153.499 | 55.060.000 | 28.926.272 | 436.550.000 | 402.673.725 | 13.540.000 | 2.619.226 | 25.000.000 | 0 | 1.010.307.845 | 890.372.722 |
| 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 209.680.000 | 381.033.929 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 209.680.000 | 381.033.929 |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 17.360.000 | 18.646.454 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.360.000 | 18.646.454 |
| 713 | Даноци на имот | 85.200.000 | 84.227.853 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 85.200.000 | 84.227.853 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 106.820.000 | 278.045.719 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 106.820.000 | 278.045.719 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 300.000 | 113.903 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 113.903 |
| 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 5.619.000 | 4.974.899 | 55.060.000 | 28.926.272 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.679.000 | 33.901.171 |
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 | 10.000 | 6.397 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 6.397 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.100.000 | 2.241.212 | 50.000 | 58.013 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.150.000 | 2.299.225 |
| 723 | Такси и надоместоци | 19.000 | 0 | 54.780.000 | 28.804.856 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 54.799.000 | 28.804.856 |
| 724 | Други владини услуги | 0 | 0 | 0 | 3.149 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.149 |
| 725 | Други неданочни приходи | 3.500.000 | 2.733.687 | 220.000 | 53.857 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.720.000 | 2.787.544 |
| 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 49.450.000 | 29.370.757 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 49.450.000 | 29.370.757 |
| 733 | Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 49.450.000 | 29.370.757 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 49.450.000 | 29.370.757 |
| 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 215.408.845 | 40.773.914 | 0 | 0 | 436.550.000 | 402.673.725 | 13.540.000 | 2.619.226 | 0 | 0 | 665.498.845 | 446.066.865 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 215.408.845 | 40.773.914 | 0 | 0 | 436.550.000 | 402.673.725 | 0 | 2.437.113 | 0 | 0 | 651.958.845 | 445.884.752 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.070.000 | 182.113 | 0 | 0 | 5.070.000 | 182.113 |
| 743 | Капитални донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.250.000 | 0 | 0 | 0 | 4.250.000 | 0 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.220.000 | 0 | 0 | 0 | 4.220.000 | 0 |
| 75 | ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.000.000 | 0 | 25.000.000 | 0 |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.000.000 | 0 | 25.000.000 | 0 |

1

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | | 480.157.845 | 392.620.269 | 55.060.000 | 25.459.715 | 436.550.000 | 402.673.725 | 13.540.000 | 2.619.226 | 25.000.000 | 0 | 1.010.307.845 | 823.372.935 |
| 40 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 57.090.000 | 53.423.373 | 0 | 0 | 313.340.000 | 310.322.507 | 0 | 0 | 0 | 0 | 370.430.000 | 363.745.880 |
| 401 | Основни плати | 35.750.000 | 33.565.307 | 0 | 0 | 227.800.000 | 225.070.281 | 0 | 0 | 0 | 0 | 263.550.000 | 258.635.588 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 13.510.000 | 12.479.539 | 0 | 0 | 85.540.000 | 85.252.226 | 0 | 0 | 0 | 0 | 99.050.000 | 97.731.765 |
| 404 | Надоместоци | 7.830.000 | 7.378.527 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.830.000 | 7.378.527 |
| 41 | РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ | 1.200.000 | 840.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 840.000 |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 400.000 | 72.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 72.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 800.000 | 768.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 768.000 |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 135.751.000 | 111.619.162 | 48.871.500 | 24.280.531 | 96.590.000 | 83.171.593 | 7.520.000 | 2.619.226 | 0 | 0 | 288.732.500 | 221.690.512 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.099.000 | 333.132 | 490.000 | 153.205 | 0 | 0 | 2.900.000 | 1.633.376 | 0 | 0 | 4.489.000 | 2.119.713 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 41.264.000 | 39.019.837 | 8.095.000 | 4.858.527 | 39.320.000 | 36.604.524 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 88.729.000 | 80.482.888 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 3.917.000 | 2.108.365 | 24.940.000 | 13.041.047 | 9.210.000 | 7.079.679 | 540.000 | 82.394 | 0 | 0 | 38.607.000 | 22.311.485 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 43.574.000 | 31.624.483 | 9.240.000 | 2.754.288 | 38.230.000 | 31.866.686 | 1.950.000 | 299.720 | 0 | 0 | 92.994.000 | 66.545.177 |
| 425 | Договорни услуги | 19.172.000 | 16.464.100 | 3.506.500 | 1.856.407 | 9.830.000 | 7.620.704 | 970.000 | 428.279 | 0 | 0 | 33.478.500 | 26.369.490 |
| 426 | Други тековни расходи | 11.725.000 | 8.829.322 | 2.600.000 | 1.617.057 | 0 | 0 | 1.110.000 | 175.457 | 0 | 0 | 15.435.000 | 10.621.836 |
| 427 | Привремени вработувања | 15.000.000 | 13.239.923 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 | 13.239.923 |
| 45 | КАМАТНИ ПЛАЌАЊА | 169.000 | 30.355 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 169.000 | 30.355 |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 169.000 | 30.355 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 169.000 | 30.355 |
| 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 38.420.000 | 27.652.285 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.350.000 | 0 | 0 | 0 | 39.770.000 | 27.652.285 |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 21.700.000 | 14.493.416 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.700.000 | 14.493.416 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 7.750.000 | 6.417.790 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.750.000 | 6.417.790 |
| 464 | Разни трансфери | 8.970.000 | 6.741.079 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.350.000 | 0 | 0 | 0 | 10.320.000 | 6.741.079 |
| 47 | СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ | 1.200.000 | 1.180.007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.180.007 |
| 471 | Социјални надоместоци | 1.200.000 | 1.180.007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 1.180.007 |
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 232.327.845 | 184.119.249 | 6.188.500 | 1.179.184 | 26.620.000 | 9.179.625 | 4.670.000 | 0 | 25.000.000 | 0 | 294.806.345 | 194.478.058 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 2.700.000 | 1.290.144 | 2.550.000 | 829.803 | 1.400.000 | 836.069 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.650.000 | 2.956.016 |
| 481 | Градежни објекти | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 18.720.000 | 5.348.595 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.220.000 | 5.348.595 |
| 482 | Други градежни објекти | 221.277.845 | 181.930.910 | 738.500 | 44.840 | 6.500.000 | 2.994.961 | 4.670.000 | 0 | 25.000.000 | 0 | 258.186.345 | 184.970.711 |
| 483 | Купување на мебел | 400.000 | 20.475 | 2.050.000 | 304.541 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.450.000 | 325.016 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 2.450.000 | 877.720 | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.800.000 | 877.720 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 5.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.500.000 | 0 |
| 49 | ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА | 14.000.000 | 13.755.838 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.000.000 | 13.755.838 |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 14.000.000 | 13.755.838 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.000.000 | 13.755.838 |

1

**Член 3**

Во Посебниот дел на Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 4**

Општиот дел на Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година се објавува во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1353/4**
**од 12.03.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 19, БЛОК 01, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 19, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.03.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1493/3**
**од 13.03.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и седмата седница одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 19, БЛОК 01, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт С 19, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт С 19, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 2**

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од **30,34 ха,** кој е во рамките на следните граници:

- северозападно по Новопланирана собирна улица 7;
- североисточно по сервисна улица С6;
- југоисточно по сервисна улица С4 и
- југозападно по Новопланирана собирна улица 1.

Површината на блокот до регулационите линии дефинирани со урбанистичкиот план за Четврт изнесува 28,38 ха.

Површината во границите на планскиот опфат изнесува **30,34ха**.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт С 19, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, со тех.бр.17-05/2017 од 02.2020 година, изработен од ДТПГУК ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, содржи:

**С о д р ж и н а**

- Насловна страна
**Податоци за изработувачот**
- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**СОДРЖИНА НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

ОПШТ ДЕЛ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .7
ОДГОВОР НА ПОДНЕСЕНА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИЗМЕНА НА
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .7
ПОТВРДА ЗА ЗАВЕРКА НА ПЛАНСКА ПРОГРАМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .8
СОДРЖИНА НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .10
1. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .11
1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ . . . . . . . . . . . . . . . . .11
2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА
ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .13
3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .13
4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .17
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ
ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И НА ВКУПНАТА ФИЗИЧКА
СУПРАСТРУКТУРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .18
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ
20
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА . . . . . . . . . . . . . .20
8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧИ УРБАНИСТИЧКИ
ПЛАН 21
9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .22
10. ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ИНСТИТУЦИИ И МИСЛЕЊА . . . . . . . . . . . . . . . . .24
11. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .25

ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Документациона основа

1. ИЗВОД ОД ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СКОПЈЕ 2012 – 2022
издаденод Град Скопје под број 13-5 од 14-02-2017 година1:10000
2. ИЗВОД ОД РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН НА ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ 2012 – 2022, ЗА
ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 19, БЛОК С 19.01 План на намена на површини . . . . . . . . .1:10000
3 АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ЗА С 19, БЛОК С 19.01 . . . . . . . . . . . . . . ..1:1000
4 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА ПОСТОЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И
ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .1:1000
5 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА ПОСТОЈНА КОМУНАЛНА
ИНФРАСТРУКТУРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..1:1000

**СОДРЖИНА НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .28
2. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .29
1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ,
ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА
ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .29

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ .....31
3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА .....33
4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА .....45
5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ .....59
6. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ .....66
3. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ .....92
1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ .....92
2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ) ПОКАЗАТЕЛИ .....94

Графички прилози
Планска документација

1. План намена на намена на земјиштето и градбите .....1 : 1000
2. План на регулација и површини за градба .....1 : 1000
3. Сообраќаен и нивелациски план .....1 : 1000
4. Комунална инфраструктура .....1 : 1000
5. Синтезен приказ .....1 : 1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1353/5**
**од 12.03.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03, БЛОК 08, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 08, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.03.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1493/4**
**од 13.03.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и седмата седница одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03, БЛОК 08, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 08, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 08, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

### Член 2

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од **2,48 ха** кој е во рамките на следните граници:

- **На север** границата на плански опфат се совпаѓа со оската на собирна улица - "Благоја Стефковски";
- **На исток** се совпаѓа со оска на сервисна улица "С8",
- **На југ** се совпаѓа со оска на сервисна улица "С4" и
- **На запад** продолжува по оска на сервисна улица "С7".

Површината на блокот во регулационите линии дефинирани со урбанистичкиот план за четврт изнесува 2,10ха.

Површината во границите на планскиот опфат изнесува **2,48ха**.

### Член 3

Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 08, Општина Гази Баба - Скопје, со тех.бр.0801-01-02/17 од 01/2020 година, изработен од Друштво за производство, трговија и услуги "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" Сашо Иванов ДООЕЛ, Битола, содржи:

**С о д р ж и н а**
- Насловнастрана

**Податоци за изработувачот**
- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А. Текстуален дел:**

1. Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Податоци за природните чинители
4. Податоци за создадените вредности и чинители
5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изградениот градежен фонд и на вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно –историско значење и културни предели (заштитно-конзерваторски основи)
7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
8. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план
9. Анализа на можностите за просторен развој
10. Други податоци и информации од субјектите од член 32 од ЗПУП

**Б. Нумеричкидел:**

1.Нумерички показатели

**В. Графичкидел:**

1.Извод од план од повисоко ниво

2.Извод од постоен урбанистички план, урбанистичко планска документација и одобрени Урбанистички проекти, кои се однесуваат на планскиот опфат

3. Извод од постоен урбанистички план, урбанистичко планска документација и одобрени Урбанистички проекти, кои граничат со планскиот опфат

4. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од донесени урбанистички планови,Урбанистичко планска документација и одобрени урбанистички проекти1 : 1000

5. Ажурирана геодетска подлога сограница на плански опфат 1 : 1000

6.Инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура,на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат 1 : 1000

7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура 1 : 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А. Текстуален дел:**

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат (топонимил и опис),
Плански период, површина на плански опфат
2. Опис и образложение на планскиот концепт
3. Опис и образложение на планските решенија за изградба
4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
5. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

**Б. Нумерички дел:**

1.Нумерички показатели

2.Билансни показатели

**В. Графички дел:**

1.План на намена на земјиштето и градбите1 : 1000

2.Регулационен план1 : 1000

3.План на површини за градење и план на зеленило1 : 1000

4.Сообраќаен план и нивелациски план1 : 1000

5.Инфраструктурен план1 : 1000

6. Синтезен план1 : 1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1353/6**
**од 12.03.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА ДЕЛ ОД АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И СООБРАЌАЈ**

1. Се објавува Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.03.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1493/5**
**од 13.03.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 86 став (1) алинеја 2, член 89 став (1) алинеја 2 и член 91 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19), член 30 став (2) од Колективниот договор за административните службеници и други вработени во Општината Гази Баба, бр.03-4741/1 од 11.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и седмата седница одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА ДЕЛ ОД АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И СООБРАЌАЈ**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници задолжени за одржување на уличното осветлување во општината во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај - одделение за сообраќај, енергетска ефикасност, градежно - занаетчиски работи и урбана опрема, во **висина од 30%** од износот на основната плата, во согласност со закон и колективен договор.

**Член 2**

Додатокот на платата на административните службеници согласно со член 1 од оваа одлука етапно да се зголемува, на следниов начин:

1) 10% од 1 април 2020 година;
2) 10% од 1 јануари 2021 година и
3) 10% од 1 јануари 2022 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба" а ќе започне да се применува наредниот ден од денот на донесување на заклучокот за објавување на конечните резултати од гласањето на предвремените парламентарни избори 2020 година, од страна на Државната изборна комисија.

**Број 09-1353/7**
**од 12.03.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ - КОМУНАЛНИ РЕДАРИ ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ - ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.03.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1493/6**
**од 13.03.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и седмата седница одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ - КОМУНАЛНИ РЕДАРИ ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ - ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/20), во член 2 став (1) точка 1) зборот "март" се заменува со зборот "**април**".

**Член 2**

Член 4 се менува и гласи:

"Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба" а ќе започне да се применува наредниот ден од денот на донесување на заклучокот за објавување на конечните резултати од гласањето на предвремените парламентарни избори 2020 година, од страна на Државната изборна комисија."

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1353/8**
**од 12.03.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година . . . 5

**ГОДИШНА СМЕТКА** на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година . . . 42

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С19, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје . . . 47

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 08, Општина Гази Баба - Скопје . . . 52

**ОДЛУКА** за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај . . . 56

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба . . . 58



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.03/20**
**37 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци